Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
DEPARTAMENTI PËR PLANIFIKIM HAPËSINOR
Арх.бр. УП1-15 1068/2022

Дата: 24.-06-.2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15), како и врз основа на член 42, став 1 и став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 39/04), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Гостивар се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и локален пат на дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар.**
Вкупната површина на планскиот опфат изнесува 0,27 ha.
2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех. бр. Y19022** се составен дел на Решението.
3. Условите за планирање на просторот за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.
4. Предметната локација се наоѓа во II заштитна зона на водозафатниот објект извор Вруток, заради што треба да се почитуваат одредбите пропишани во Одлуката за определување на заштитни зони за заштита на водите за водозафатниот објект изворот Вруток, мерки за заштита, услови, начин на воспоставување на заштитни


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 106 212
www.moepp.gov.mk

зони и картографски приказ (Службен весник на РМ бр. 89/2018), кои се однесуваат на оваа зона.
5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина, при изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во законската регулатива од областа на заштитна на животната средина и подзаконски акти донесени врз нива основа.
6. При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторнион план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Гостивар, врз основа на член 42, став 1 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Македонија" бр. 32/20), поднесе барање преку е-урбанизам, со број на постапка УПП 42610 од 19.04.2022 година, до Агенцијата за планирање на просторот за издавање на Условите за планирање на просторот за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар. Површината на планскиот опфат изнесува 0,27 ha.

Согласно член 42, став 8 од истоимениот закон, Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар, и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1068/2022 од 06.06.2022 година.

Условите за планирање на просторот **за изградба на куќи за потребите на селски туризам на КП 1889/1 и КП 967 и дел од КП 1605/1 во КО Вруток, Општина Гостивар**, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.